Врз основа на член 9 точка 2 од Законот за државната ревизија („Службен весник на Република Македонија бр. 66/10, 145/10, 12/1443/14, 154/15, 192/15, 27/16 и 83/18) и член 34 од Правилникот за внатрешна организација на Државниот завод за ревизија, бр.01-493/1 од 22.06.2015 година, заменикот на главниот државен ревизор донесе:

# ГОДИШНА ПРОГРАМА
## за изменување и дополнување на Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2018 година

1.Во Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2018 година број 01-752/1 од 28.12.2017 година, во Преглед на планирани ревизии за 2018 година, Прилог 1 –Ревизија на регуларност, реден број во ГП „8 “, „10“ и „54“ се бришат.

2.Во Прегледот на планирани ревизии за 2018 година Прилог 1 – Ревизија на успешност, се додаваат три нови ревизии и тоа:

| ИК | Ред. бр. во Годишна програма | Ред. бр. во класата | ОПИС | Место |
|---|---|---|---|---|
| | 65 | 6 | Реализација на високо образовниот кадар на пазарот на трудот во РМ | Скопје |
| | 66 | 7 | Ефективност на политиките, мерките и активностите при доделувањето на договорите за јавни набавки на ниво на јавни претпријатија на Град Скопје | Скопје |
| | 67 | 8 | Програма за меѓу гранична соработка - Република Македонија - Република Бугарија | Скопје |

3.Редните броеви од „ 1 до 67 “ се усогласени согласно направените измени.

4.Измената и дополнувањето на Годишната програма за 2018 година со наведените 3 /три/ пилот ревизии на успешност, се врши заради реализација на активностите утврдени со твининг договорот помеѓу Државниот завод за ревизија и врховните ревизорски институции на Република Бугарија и Република Хрватска, финансиран со средства од Европската унија.

5.Годишната програма за изменување и дополнување на Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2018 година влегува во сила со денот на донесувањето.

**Заменик на главниот државен ревизор**
**Насер Адеми**

Бр. 01-749/1
Скопје 17-09-2018